Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/1, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 27.11.2019 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во копнено мобилна служба со евидентен број 106926 издадено од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот ДИВ СЕАТ ДООЕЛ Штип со адреса во Штип на ул. Сремски Фронт бр.29/5, по барање на корисникот.

II

Решението влегува во сила на 28.01.2015 година.

III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации на 18.01.2011 година има издадено одобрение за користење на радиофреквенции во копнено мобилна служба со евидентен број 106926 на корисникот ДИВ СЕАТ ДООЕЛ Штип со адреса во Штип на ул. Сремски Фронт бр.29/5, со време на важење на одобрението до 18.01.2021 година.

На 28.01.2015 година ДИВ СЕАТ ДООЕЛ Штип до Агенцијата за електронски комуникации достави барање број уп1-бр.0802-45 за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенции во копнено мобилна служба со евидентен број 106926, кое поради имплементација на ИИС-системот не е пристигнато на време во Секторот за радиокомуникации.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-45/2015 -954
Скопје 27.11.2019
Изработил: Радка Шекутковска
27.11.2019
Раководител на Сектор: Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**

**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство